**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и Предлогот на Одборот на директори за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2016 година (арх. бр. 105772/1 од 22.03.2017 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 24.04.2017 година ја донесе следната

# Предлог Одлука

## за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2016 година

### Член 1

Собранието на Друштвото ја распоредува нето добивката, остварена по Финансиските извештаи на Друштвото за 2016 година подготвени во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија во износ од 1.251.598.222,00 денари (една милијарда двеста педесет и еден милион петстотини деведесет и осум илјади и двеста дваесет и два денари) за исплата на бруто дивиденда во која се вклучени сите даноци, доколку е применливо, и кои ќе бидат задржани и платени од бруто дивидендата согласно важечката даночна регулатива во Република Македонија на датумот на исплата.

### Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**